ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП

# С Т А Т У Т

**октомври, 2019 година**

Врз основа на член 10 алинеа 1 од Статутот на Факултетското студентско собрание, во врска со член 37 став 9 од Законот за високото образование и член 25 ст.3 од Статутот на Економски факултет - Прилеп Факултетското студентско собрание на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, го донесе следниов

# С Т А Т У Т

## на Факултетското студентско собрание на Економски факултет - Прилеп

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредуваат општите одредби за Факултетското студентско собрание, целите, задачите и надлежностите на Факултетското студентско собрание, неговото материјално-финансиско работење, статусот, составот и изборот на Факултетското студентско собрание, неговите органи и тела, одредби за Заменикот студентски правобранител, за јавноста во работата и за актите кои ги донесува Факултетското студентско собрание.

Член 2

Факултетското студентско собрание на Економски факултет - Прилеп е тело на Економски факултет – Прилеп и има права, обврски и надлежности утврдени со Законот за високото образование, Статутот и актите на Факултетот, како и со овој Статут.

Член 3

Називот на телото е: Факултетско студентско собрание на Економски факултет – Прилеп. Називот на англиски јазик е: Faculty Student Assembly of – Faculty of Economics.

Скратен назив на телото е ФСС на ЕФП, FSA- FEP.

Член 4

Седиштето на Факултетското студентско собрание е во Економски факултет - Прилеп, во просториите на Факултетот.

Член 5

Факултетското студентско собрание има свое лого, печат и штембил.

Ликовно-графичкиот приказ на логото на Факултетското студентско собрание е следниов:

Печатот на Факултетското студентско собрание е тркалезен и ги содржи зборовите напишани на кирилица: Факултетско студентско собрание на Економски факултет – Прилеп.

Штембилот е правоаголен и ги содржи зборовите напишани на кирилица: Факултетско студентско собрание на Економски факултет - Прилеп,

број _______ ________ 20___.

Факултетско студентско собрание
на Економски факултет - Прилеп,
број _______
________ 20___.

Член 6

Факултетското студентско собрание го претставува и застапува Претседател.

Член 7

Работата на Факултетското студентско собрание е јавна.

## II. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И НАДЛЕЖНОСТИ

Член 8

Цели и задачи на Факултетското студентско собрание се:

- да ги штити интересите на студентите;
- да учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на Факултетот;
- да ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница;
- да влијае на законодавното регулирање на прашања и интереси на студентите;
- подобрување на студентскиот стандард;
- квалитетни промени во наставниот и образовниот процес;
- поттикнување и спроведување на заеднички активности и манифестации, како и евентуално формирање на заеднички асоцијации;
- залагање за развивање и задоволување на културните потреби на студентите, спортско-рекреативни активности, научно-техничко творештво, здравствени, хуманитарни, туристички и други општествено корисни активности.

Член 9

За остварување на целите и задачите, Факултетското студентско собрание соработува со органите и телата на Економски факултет - Прилеп Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултетските студентски собранија и Студентското собрание на Високата медицинска школа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, други студентски организации, домашни и странски,

органите на управата и државните органи на Република Северна Македонија и со организации и органи во согласност со позитивните законски прописи.

За остварување на целите и задачите, Факултетското студентско собрание организира: трибини, дебати, советувања, медиумски кампањи, спортски натпревари, културни настани, јавни собири и сл.

Член 10

Факултетското студентско собрание има надлежност да:

- донесува статут и други акти на студентското собрание во согласност со Законот и Статутот на Факултетот;
- именува двајца претставници во Универзитетското студентско собрание, од редот на членовите на Факултетското студентско собрание;
- избира и разрешува студентски претставници во органите и телата на Факултетот;
- избира заменик претседател на Факултетското студентско собрание;
- донесува План и Програма за својата работа;
- им предлага на органите на управување на Факултетот, План за финансирање на студентските активности;
- предлага износ на паричен надомест за работата на Претседателот кој се усвојува од Наставно-научниот совет на Факултетот;
- го усвојува Извештајот за работењето на Претседателот на Факултетското студентско собрание;
- предлага Заменик студентски правобранител и одлучува за негово разрешување;
- предлага износ на паричен надомест за работата на Заменикот студентски правобранител, кој се усвојува од Наставно-научниот совет на Факултетот;
- поттикнува студентски активности надвор од наставниот процес;
- се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската културна, социјална и интелектуална надоградба;
- врши други работи од интерес за студентите.

Член 11

Факултетското студентско собрание се состанува по потреба, а најмалку еднаш на два месеци.

Претседателот на Факултетското студентско собрание ги свикува седниците, го предлага дневниот ред и претседава со седниците.

Претседателот на Факултетското студентско собрание е должен, на предлог на Извршниот орган на Факултетското студентско собрание или на барање на 1/3 од членовите, да свика седница на Факултетското студентско собрание.

Член 12

Факултетското студентско собрание може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови на Факултетското студентско собрание, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со Закон или друг акт не е поинаку предвидено.

## III. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 13

Факултетското студентско собрание се финансира од:

- средства на Економски факултет - Прилеп;
- легати, подароци, завештанија, прилози, спонзорство, донации, грантови и други извори, во согласност со планот и програмата за работа на Факултетското студентско собрание, како и со планот за финансирање на студентските активности и можностите на Факултетот.

Финансиското и сметководственото работење на Факултетското студентско собрание се врши во согласност со законските прописи, подзаконските акти, актите на Универзитетот и факултетот и актите од Факултетското студентско собрание, во рамките на финансиското и сметководственото работење на Факултетот.

Член 14

Економски факултет - Прилеп врши надзор над наменското користење на средствата што ги доделува на Факултетското студентско собрание на Економски факултет - Прилеп.

Надзорот опфаќа поднесување извештај од страна на Факултетското студентско собрание на Економски факултет - Прилеп до деканот на Факултетот, за наменското користење на доделените средства за определена активност.

## IV. СТАТУС, СОСТАВ И ИЗБОР НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 15

Факултетското студентско собрание е тело на Економски факултет - Прилеп во кое членуваат претставници на студентите.

Претставниците во Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори, со тајно гласање.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат 7 (седум) студенти.

Право да избираат и бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите редовни студенти на Факултетот, коишто се запишани на студии во академската година во која се избира Факултетското студентско собрание.

Член 16

Мандатот на членовите на Факултетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Изборот на членови на Факултетското студентско собрание и на Претседател на Факултетското студентско собрание се врши на избори што се одржуваат во месец мај, а ги распишува деканот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Доколку деканот не ги распише изборите за Факултетско студентско собрание во рокот определен во ставот 2 на овој член, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот, во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот во ставот 2 на овој член.

Во одлуката за распишување на избори, деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници којашто ги спроведува изборите за членови и Претседател на Факултетското студентско собрание.

Во изборната комисија членуваат тројца студенти и двајца наставници, односно соработници.

Комисијата од став 4 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник, за спроведување на изборите.

Врз основа на одлуката од став 4 на овој член, деканот објавува оглас за пријавување на кандидати за членови и Претседател на Факултетското студентско собрание.

Огласот трае 7 дена од објавувањето и се објавува на огласната табла и веб страната на Факултетот.

Изборната комисија утврдува дали пријавените кандидати по објавениот оглас ги исполнуваат условите и врз основа на тоа ги изготвува избирачките ливчиња и останатиот избирачки материјал.

Службата за студентски прашања доставува до изборната комисија список на сите редовни студенти запишани на студии во академската година во која се избира Факултетското студентско собрание и Претседателот.

Кандидатите коишто освоиле најголем број гласови до утврдениот број на членови на Факултетското студентско собрание се избрани за членови на Факултетското собрание.

Кандидатот кој освоил најголем број гласови е избран за Преседател на Факултетското собрание.

Мандатот на избраните претставници на Факултетското студентско собрание започнува со почетокот на наредната академска година.

Член 17

На членот на Факултетското студентско собрание му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран во случај на: престанок на статусот на студент, мирување на статусот на студент, негово барање или избор во функција која не дозволува вршење на функцијата член на Факултетското студентско собрание.

Членот на кого му престанал мандатот пред истекот на времето за кое е избран може да биде заменет со нов член, во истата утврдена постапка за избор на член. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член кој го заменува.

Член 18

Факултетското студентско собрание престанува да постои во согласност со одредбите на закон.

## V. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 19

Органи на Факултетското студентско собрание се:

1. ПРЕТСЕДАТЕЛ и
2. ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ

1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 20

Претседател на Факултетското студентско собрание се избира на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

За Претседател на Факултетското студентско собрание е избран кандидатот кој на изборот за членови на Факултетското студентско собрание и на претседател на Факултетското студентско собрание, освоил најголем број гласови.

Мандатот на Претседателот на Факултетското студентско собрание е една година, со право на уште еден избор.

Претседателот на Факултетското студентско собрание треба да биде редовен студент.

Функцијата Претседател на Факултетското студентско собрание е неспоива со функцијата Претседател на Универзитетското студентско собрание, односно Студентски правобранител или со функција во политичка партија.

Член 21

Претседателот на Факултетското студентско собрание ги извршува одлуките на Факултетското студентско собрание, го застапува Факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа.

Член 22

Претседателот на Факултетското студентско собрание ги има следниве права и должности:

- ги организира и усогласува активностите на Факултетското студентско собрание;
- предлага Програма за работа со Финансиски план;
- дава предлози за финансирање на тековните и други потреби;
- има право на паричен надомест за неговата работа кој се утврдува со одлука на Наставно-научниот совет;
- ги свикува и претседава со седниците на Факултетското студентско собрание и Извршниот орган;
- дава предлози за службени патувања;
- други права и обврски.

Член 23

Претседателот на Факултетското студентско собрание свикува состанок на кој се врши избор или разрешување на претставници на студентите во органите и телата на Факултетот, за што до деканот доставува потпишан записник и одлука за извршен избор или разрешување, во рок од 3 (три) дена по извршениот избор или разрешување.

Член 24

Претседателот на Факултетското студентско собрание своите права и должности ги врши врз основа на Закон, Статутот на Факултетот, овој Статут и други акти.

Член 25

Претседателот има право и должност да запре од извршување акт на органите на Факултетското студентско собрание за кој смета дека е спротивен на законот, Статут или друг акт на Факултетското студентско собрание и за тоа ќе го извести Факултетското студентско собрание, Деканот на Факултетот и Универзитетското студентско собрание.

Член 26

Претседателот на Факултетското студентско собрание е одговорен за почитување на Статутот и други акти при вршење на своите права и должности.

Постапката за утврдување на одговорноста на Претседателот на Факултетското студентско собрание ја покренува Факултетското студентско собрание на барање од најмалку 1/2 од вкупниот број членови.

За одговорноста на Претседателот расправа Факултетското студентско собрание, доколку на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на членови, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

2. ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 27

Заменик претседателот на Факултетското студентско собрание се избира од редот на редовните студенти и го избира Факултетското студентско собрание, по предлог на Претседателот на Факултетското студентско собрание, доколку на седницата присуствува повеќе од половината од вкупниот број членови на Факултетското студентско собрание, а одлуката за избор се донесува со мнозинство од присутните членови.

Мандатот на заменик претседателот на Факултетското студентско собрание е една година, со право на уште еден избор.

Функцијата заменик претседател на Факултетското студентско собрание е неспоива со функцијата Претседател на Универзитетското студентско собрание, односно Студентски правобранител или со функција во политичка партија.

Член 28

Во отсуство на Претседателот на Факултетското студентско собрание, по негово овластување, заменик претседателот ги има сите права и должности како и претседателот.

Член 29

Во случај на предвремен престанок на мандатот на Претседателот, заменик претседателот ги има сите права и должности како и претседателот за период од најмногу 90 дена, односно до изборот на нов Претседател. Мандатот на новоизбраниот Претседател трае до крајот на мандатот на претходниот Претседател.

Член 30

Претседателот на Факултетското студентско собрание своите права и должности ги врши врз основа на Закон, Статутот на Факултетот, овој Статут и други акти.

Работни тела (комисии)

Член 31

Факултетското студентско собрание може да формира комисии, за подготовка на Статут, други акти и реализација на други активности поврзани со работата на Факултетското студентско собрание.

Со комисијата раководи претседател.

Член 32

Факултетот е должен на Факултетското студентско собрание и на Заменикот студентски правобранител да им обезбеди просторија за работа и да им пружи административно-техничка помош.

## VI. ЗАМЕНИК СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Член 33

Факултетското студентско собрание, по претходно објавен конкурс, од редот на редовните студенти, на предлог на Конкурсната комисија, избира заменик студентски правобранител, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови на Факултетското студентско собрание, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

За спроведување на постапката по Конкурсот Факултетското студентско собрание од своите членови избира трочлена Конкурсна комисија, од кои еден претседател и два члена.

Член 34

Претседателот на Факултетското студентско собрание Конкурсот за Заменик студентски правобранител задолжително го објавува на Универзитетското студентско радио УКЛО ФМ, веб страницата на Универзитетот и факултетот и огласната табла на факултетот.

Рокот за пријавување по објавениот Конкурс за Заменик студентски правобранител е 15 дена од денот на неговото објавување.

Конкурсот за Заменик студентски правобранител задолжително ги содржи условите за пријавување на кандидатите:

- Да е редовен студент на Факултетот
- Да е со просечна оценка од најмалку 8.

Конкурсот за заменик студентски правобранител задолжително ги содржи потребните документи за пријавување:

- Пријава
- Потврда за редовен студент
- Потврда за просечна оценка од студиите од соодветниот факултет
- Кратко CV (биографија) во Europass формат
- Мотивационо писмо.

Конкурсната комисија, при разгледувањето на Пријавите и рангирањето на кандидатите за заменик студентски правобранител, ги земаат во предвид, покрај основните услови и дополнителните критериуми за избор (активно учество во проекти, невладини организации, и сл.), а по потреба може да направи интервју со пријавените кандидати.

Факултетското студентско собрание, на предлог на Конкурсната комисија, треба да избере Заменик студентски правобранител најдоцна во рок од 8 (осум) дена по завршувањето на објавениот Конкурс.

Заменикот студентски правобранител има право на паричен надомест за неговата работа, којшто се утврдува со Одлука на Наставно-научниот совет, на предлог на Факултетското студентско собрание.

Член 35

Мандатот на заменикот студентски правобранител е 2 години, без можност за реизбор, заради што при изборот треба да се има во предвид запишаната година на студии на пријавениот кандидат.

Член 36

Заменикот студентски правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.

Органите на Факултетот се должни да постапат по укажувањата на заменикот студентски правобранител.

Член 37

Заменикот студентски правобранител постапува по поднесок на студент и/или група студенти во случај кога станува збор за повреда на студентските права:

- Стекнување на статус на студент
- Престанок на статусот на студент
- Губење на статусот на студент во државна квота
- Ослободување од плаќање партиципација
- Проверка на знаењето
- Испитни рокови
- Оценување
- Објавување на резултати и право на увид
- Приговор заради оценка од проверка на знаењето
- Поништување на оценката и повторување на испитот
- Напредување на студентот
- Мирување на обврските на студентот
- Продолжување на прекинатите студии
- Паралелно студирање
- Рок за завршување на студиите
- Дисциплинска одговорност на студентот
- Други права на студентот, во согласност со Законот за високо образование, Статутот на Факултетот и други факултетски и/или универзитетски акти.

Член 38

Поднесокот до заменикот студентски правобранител се поднесува како писмено Барање. Барањето го поднесува студентот, односно негов

полномошник по пошта/лично на адресата на седиштето на заменикот студентски правобранител или на официјалната е-маил адреса.

Во итни случаи барањето може да се прими и по телефон, за што се составува службена белешка, а во рок од 5 дена подносителот е должен Барањето да го поднесе и писмено.

Не постои определена форма или образец во кој поднесокот-Барањето треба да биде поднесено. Тоа треба да содржи лични податоци на подносителот, околностите, фактите и доказите на врз кои се темели барањето, како и да биде наведен органот, односно лицето на кое се однесува барањето. Доколку станува збор за прашање кое е од општ интерес (пр. ако поголема група на студенти е засегната од проблемот) Барањето може да биде и анонимно.

Сите информации и документи кои ќе ги добие Заменикот студентски правобранител по службена должност во текот на постапката се од доверлив карактер. Заменикот студентски правобранител се грижи за заштитата на идентитетот и приватноста на студентите кои поднеле барање. Подносителот не може да биде повикан на одговорност во врска со поднесеното Барање. Подносителот е ослободен од плаќање такса за Барањето.

По секое поднесено Барање, Заменикот студентски правобранител остварува средби со сите засегнати страни, врши увид во документацијата на студентот и на факултетот и презема други дејствија со цел утврдување на фактичката состојба.

Доколку се констатира дека навистина постои повреда на правата на студентот, Заменикот студентски правобранител има овластување до управата на факултетот да поднесе извештај, со укажување на настанатата повреда на правата на студентот и да даде насоки/препораки за дејствијата кои треба да бидат преземени со цел отстанување на повредата. Факултетот е обврзан во определениот рок да достави информација за преземените дејствија.

Заменикот студентски правобранител може да преземе инцијатива за поведување одговорност против одговорното лице, како и да побара постапување на други надлежни органи.

Член 39

Заменикот студентски правобранител ќе го отфрли Барањето доколку:

- од податоците кои му стојат на располагање произлегува дека не се работи за повреда на правата на студентот согласно закон и актите на Универзитетот;

- по Барањето веќе постапувал и тоа е завршена работа;

- Барањето е анонимно, освен кога се работи за прашање од општ интерес;

- Барањето не е комплетно, а подносителот по претходното укажување од Заменикот студентски правобранител не го дополнил;

- Барањето се однесува на дејствие кое се случило пред повеќе од една година, освен ако оцени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини;

- подносителот не е лично засегнат од дејствијата на кои се однесува Барањето, односно Барањето е поднесено од неовластено лице;

- Барањето се однесува на приговор за оценка, а студентот не го искористил правото согласно закон и актите на Факултетот;

- постапувањето по Барањето не е во негова надлежност, односно предметот е во постапка пред друг надлежен орган.

Член 40

За својата работа Заменикот студентски правобранител поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до Наставно-научниот совет на Факултетот.

Во случај кога студентскиот правобранител и/или Наставно-научниот совет на Факултетот не го прифатат годишниот извештај на Заменикот студентски правобранител, тие за тоа го известуваат Факултетското студентско собрание.

Неприфаќањето на годишниот извештај на Заменикот студентски правобранител претставува основ за негово разрешување од страна на Факултетското студентско собрание.

Член 41

Постапка за разрешување на заменикот студентски правобранител можат да покренат:

- членовите на Факултетското студентско собрание, со мнозинство гласови

- студентскиот правобранител или

- 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на факултетот на кој е избран заменикот студентски правобранител.

За разрешување на заменикот студентски правобранител одлучува Факултетското студентско собрание, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови на Факултетското студентско собрание, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 42

Доколку на заменикот студентски правобранител предвремено му престанал мандатот, по негово барање, поради разрешување и/или поради

престанок на статусот на редовен студент, Факултетското студентско собрание, од своите членови, определува вршител на должност заменик студентски правобранител, со мандат не подолг од 3 (три) месеци.

Вршителот на должност заменик студентски правобранител ги има истите права и должности како и заменикот студентски правобранител.

Претседателот на Факултетското студентско собрание е должен во случај на предвремен престанок на мандатот на заменикот студентски правобранител, во рок од еден месец, да објави Конкурс за Заменик студентски правобранител.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕТО

Член 43

Органите на Факултетското студентско собрание се обврзуваат да обезбедат систем на информирање со кој секој член ќе биде запознаен со целокупното работење на Факултетското и Универзитетското студентско собрание.

Сите акти на Факултетското и Универзитетското студентско собрание се објавуваат на веб страната на Факултетското студентско собрание, освен во случаите кога органите на Факултетското студентско собрание одлучат поинаку, а во согласност со Статутот и други акти на Факултетското студентско собрание.

Член 44

Седниците се отворени за јавноста и на нив може да присуствуваат гости и заинтересирани лица кои можат да придонесат со својата стручност и искуство во работата на Факултетското студентско собрание, како и претставници за јавно информирање.

Седниците можат да бидат затворени, во случаи утврдени со Деловникот за работа на соодветниот орган или со одлука на соодветниот орган.

Органите на Факултетското студентско собрание можат да организираат Прес конференција и да имаат свои информативни гласила.

## VIII. АКТИ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 45

Факултетското студентско собрание донесува Статут, одлуки, решенија, заклучоци, а може да донесува и други акти.

Член 46

Факултетското студентско собрание го донесува Статутот на седница, по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Член 47

Иницијатива за донесување на нов Статут, односно измени и дополнувања, до Факултетското студентско собрание, дава:

- Претседателот на Факултетското студентско собрание;
- 1/3 од членовите на Факултетското студентско собрание.

Иницијативата се поднесува во писмена форма со потребното образложение.

Член 48

Статутот, односно измените и дополнувањата, се донесуваат доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Факултетското студентско собрание, а се одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 49

Статутот и другите акти на Факултетското студентско собрание влегуваат во сила со денот на нивното донесување.

Член 50

Статутот и другите акти на Факултетското студентско собрание ги потпишува Претседателот на Факултетското студентско собрание.

Член 51

Толкување на одредбите на овој Статут и на другите акти дава Факултетското студентско собрание.

Член 52

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

Михаил Дивјакоски